РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 02-2894/1
25-03-2026 20 год. / viti

Друштво за градежништво, производство и услуги
АРХИТЕКТОН ДИЗАЈН ДООЕЛ
Бр. 03-23/1
03.04. 2026 год.
Битола

**Договор за измена и дополнување бр.2 на Договор за услуги за вршење на стручен надзор над реконструкција со пренамена на детска градинка во дневен центар за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод,**

**заверен со архивски број 02-383/6 од 25.01.2024 година во Министерство за социјална политика, демографија и млади и заверен со архивски број 03-08/1 од 25.01.2024 година во Архитектон Дизајн ДООЕЛ – Битола**

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

1. **Министерство за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ)** со седиште на ул. Даме Груев, бр.14 Скопје, претставувано од Министер Фатмир Лимани, (во понатамошниот текст, Договорен орган) од една страна, и

2. **Друштво за градежништво, производство и услуги Архитектон Дизајн ДООЕЛ Битола**, ЕМБС 6210708 со седиште на ул. Митрополитска број 12, Битола претставувано од управителот Марија Милинг - Стојановска (во понатамошен текст Носител на набавката) од друга страна.

**Член 1**

Договорните страни го склучуваат овој Договор за изменување и дополнување на основниот договор врз основа на член 6 од Договорот за услуги за вршење на стручен надзор над реконструкција со пренамена на детска градинка во дневен центар за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод, заверен со архивски број 02-383/6 од 25.01.2024 година во Министерство за социјална политика, демографија и млади и заверен со архивски број 03-08/1 од 25.01.2024 година во Архитектон Дизајн ДООЕЛ – Битола и член 119 став 1 точка 3 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Македонија бр. 24/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.87/21 и 14/25).

**Член 2**

Предмет на овој Договор е изменување и дополнување на Договорот за измена и дополнување бр. 1 на Договорот за услуги за вршење на стручен надзор над реконструкција со пренамена на детска градинка во дневен центар за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод, заверен со архивски број 02-4730/3 од 23.06.2025 година во Министерство за социјална политика, демографија и млади и заверен со архивски број 03-

43/1 од 25.06.2025 година во Архитектон Дизајн ДООЕЛ – Битола (во понатамошен текст: Договор за измени и дополнувања бр. 1), во однос на времетраењето на договорот.

**Член 3**

Основниот договор за стручен надзор над реконструкција со пренамена на детска градинка во дневен центар за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод е склучен на 25.01.2024 година и со времетраење од 17 месеци, односно е со важност до 25.06.2025 година.

Договорот за измени и дополнувања бр. 1 на Договорот за вршење на стручен надзор е со важност до 25.03.2026 година.

Договорот за изведување на градежни работи над реконструкција со пренамена на детска градинка во дневен центар за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод, склучен со изведувачот Друштво за производство, промет и услуги ИБО ПОД увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, заверен со архивски број 02-996/7 од 01.10.2024 година, со времетраење од 14 месеци од вовед во работа, односно со важност до 11.02.2026 година, со Анекс на договор со архивски број 02-2873/1 од 25.03.2026 година е продолжен до 01.06.2026 година.

Врз основа на доставено Барање за продолжување на рок на договор од Надзорниот орган Друштво за градежништво, производство и услуги Архитектон Дизајн ДООЕЛ Битола, архивски број 03-21/1 од 25.03.2026 година и Барање од Сектор за правни и нормативни, општи и заеднички работи заверено со архивски број 10-1126/9 од 25.03.2026 година, за продолжување на рокот на Договорот за измена и дополнување бр. 1 за вршење на стручен надзор, со цел опфаќање на рокот за завршување на градежните работи, технички прием на објектот и изработка и доставување на Завршен извештај на Надзорен инженер, се бара продолжување за 159 (сто педесет и девет) календарски денови, заклучно со 01.09.2026 година.

**Член 4**

Согласно наведеното во член 3 од овој Договор, рокот на важност определен во член 5 и рокот за изавршување на услугата определен во член 11 од основниот Договор за стручен надзор над реконструкција со пренамена на детска градинка во дневен центар за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод, се продолжуваат за дополнителни 159 (сто педесет и девет) календарски денови, заклучно со **01.09.2026 година**.

**Член 5**

Согласно член 9 од основниот Договор за услуги за вршење на стручен надзор над реконструкција со пренамена на детска градинка во дневен центар за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод, поради продолжување на рокот на реализација на договорот, Носителот на набавката е должен соодветно да ја продолжи важноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност од дополнителни 60 дена од рокот предвиден за целосно реализирање на договорот.

**Член 6**

Останатите одредби од основниот Договор и Договорот за измени и дополнувања бр. 1 остануваат непроменети.

**Член 7**

Овој Договор за изменување и дополнување бр. 2 на основниот договор за услуги за вршење на стручен надзор над реконструкција со пренамена на детска градинка во дневен центар за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод, заверен со арх.бр. 02-383/6 од 25.01.2024 година во МСПДМ и со архивски број 03-08/1 од 25.01.2024 година во Архитектон Дизајн ДООЕЛ – Битола, влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 8**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои 2 (два) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

| | |
|---|---|
| **Министер,** | **Управител,** |
| Fatmir Limani | Марија Милинг - Стојановска |

Изработил: Теодора Васиќ Петровска, Раководител на одд
Согласен: Љубица Панова, Раководител на сектор
Одобрил: Fatmir Sabriu, Државен секретар